Република Северна Македонија
Republika e Maqedonisë së Veriut
Национална установа НАЦИОНАЛНА ОПЕРА И БАЛЕТ
Institucioni Nacional-OPERA DHE BALETI NACIONAL
Бр.-Nr. 01-100/2
01.04 2022 год.-viti
Скопје-Shkup

Врз основа на член 17 став (7) од Законот за вработени во јавниот сектор („Службен весник на Република Македонија" бр.27/2014, 199/2014, 27/2016, 35/2018, 198/2018 и „Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 143/2019 и 14/2020), и член 28 став (2) точка 5 од Законот културата("Службен весник на Република Македонија" бр. 31/1998; 49/2003; 82/2005; 24/2007; 116/2010; 47/2011; 51/2011; 136/2012; 23/2013; 187/2013,44/2014, 61/15, 154/15, 39/16, 11/2018), директорот на Националната установа Национална опера и балет, донесе

# ПРАВИЛНИК
## за изменување и дополнување на Правилникот за систематизација на работните места во Националната установа Национална опера и балет

## I. ОСНОВНИ ОДРЕДБИ

Член 1

Со овој правилник се вршат измени во Правилникот за систематизација на работните места во Националната установа Национална опера и балет, со архивски број 01-1685/3 од 27.08.2020 година, 01-1685/4 од 14.09.2020, 01-1685/5 од 20.11.2020, 01-545/1 од 22.02.2021, 01-545/3 од 22.07.2021 и 01-100/1 од 17.01.2022 година.

Член 2

Во членот 6 став (2), работни места на даватели на јавни услуги, категорија А-уметници, ниво А1, во точка 2, оперски солист првенец, се зголемува бројот на извршители од 11 на „12".

Член 3

Во членот 6 став (2), работни места на даватели на јавни услуги, категорија А-уметници, ниво А1, во точка 3, балетски играч првенец, се зголемува бројот на извршители од 6 на „7".

Член 4

Во членот 6 став (2), работни места на даватели на јавни услуги, категорија А-уметници, ниво А5, во точка 2, оперски солист на епизодни улоги, се намалува бројот на извршители од 6 на „5".

Член 5

Во членот 6 став (2), работни места на даватели на јавни услуги, категорија А-уметници, ниво А5, во точка 13, балетски играч носител на епизодни улоги, се намалува бројот на извршители од 12 на „11".

Член 6

Во членот 6 став (2), категорија В – стручни сценски работници, во ниво В2, работното место под реден број 3 се менува и гласи:

| Р.бр. | Назив на работно место | Број на извршители | Пополнети |
|---|---|---|---|
| 3. | Стручен сценски работник инженер - електроинженер | 1 | 0 |

Член 7

Во членот 6 став (2), категорија Г – стручни соработници во дејности од областа на културата, во Ниво Г3, се намалува бројот на работни места од 9 на „8", и се брише точката:

| Р.бр. | Назив на работно место | Број на извршители | Пополнети |
|---|---|---|---|
| 4. | Соработник – музички секретар (во опера) | 1 | 0 |

Член 8

Во членот 6 став (2), категорија Г – стручни соработници во дејности од областа на културата, во Ниво Г3, работното место од точка 8 се менува и гласи:

| Р.бр. | Назив на работно место | Број на извршители | Пополнети |
|---|---|---|---|
| 8. | Друг соработник во културата – соработник во дирекција на НОБ | 1 | 0 |

Член 9

Во членот 6 став (3), работни места на помошно – техничките лица, во точка 1, ниво 05 А01, Друг работник за сценско визуелни ефекти – машинист ракувач на сцена, се зголемува бројот на извршители од 2 на „3“.

Член 10

Во членот 6 став (3), работни места на помошно – техничките лица, по точка 5, ниво 05 А01, Друг работник за сценско визуелни ефекти - за боење и одржување костими, се додава ново работно место, кое гласи:

| Р.бр. | Подгрупа /ниво | Назив на работно место | Број на извршители | Пополнети |
|---|---|---|---|---|
| 5.1. | 05 А01 | Друг работник за сценско визуелни ефекти – во ателје | 1 | 0 |

Член 11

Во членот 6 став (3), работни места на помошно – техничките лица, во точка 10, ниво 01 А02, Друг одговорен сценски работник - машински техничар за општо одржување, се намалува бројот на извршители од 3 на „2“.

Член 12

Во членот 6 став (3), работни места на помошно – техничките лица, во точка 18, ниво 01 А03, декоратер, се намалува бројот на извршители од 12 на „11“.

Член 13

Во членот 6 став (3), работни места на помошно – техничките лица, по точка 24, ниво 01 Б02, Друг работник за одржување - возач/набавувач/доставувач, се додава ново работно место, кое гласи:

| Р.бр. | Подгрупа /ниво | Назив на работно место | Број на извршители | Пополнети |
|---|---|---|---|---|
| 24.1. | 01 А02 | Друг работник за одржување-одговорен редар во салон | 1 | 1 |

Член 14

Во членот 6 став (3), работни места на помошно – техничките лица, во точка 25, ниво 01 Б03, хигиеничар, се намалува бројот на извршители од 15 на „13“.

Член 15

Во членот 6 став (3), работни места на помошно – техничките лица, по точка 25, ниво 01 Б03, хигиеничар, се додаваат две работни места, кои гласат:

| Р.бр. | Подгрупа /ниво | Назив на работно место | Број на извршители | Пополнети |
|---|---|---|---|---|
| 25.1. | 01 Б03 | Друг НКВ работник за одржување-во кујна | 1 | 1 |
| 25.2. | 01 Б03 | Друг НКВ работник за одржување-во перална | 1 | 1 |

Член 16

Во членот 6 став (3), работни места на помошно – техничките лица, во точка 30, ниво 05 Б01, шивач, се зголемува бројот на извршители од 5 на „6“.

Член 17

Во членот 6 став (3), работни места на помошно – техничките лица, точка 36, ниво 05 В01, друг општ работник (шивач), се брише.

Член 18

Во табеларниот приказ на работни места, работно место под реден број 16, шифра на работно место КУЛ0102Б02001, назив на работно место раководител на сектор за административни, правни и кадровски работи, делот работни задачи се менува и гласи:

| | |
|---|---|
| Работни задачи | - ја води работата (организирање, насочување и контрола) на секторот и ја координира со работниот процес во другите оддели,<br>- оценување на раководни административни службеници од непосредно пониско ниво и учествува во оценувањето на други административни службеници,<br>- подготовка на мислења и анализи за прашања во врска со делокругот на работа на секторот и подготовка на иницијативи за решавање на одделни прашања од делокругот на секторот,<br>- следење и примена на законите и подзаконските акти,<br>- координирање на подготовката на материјали за седниците на Управен одбор;<br>- подготвува изведувачки и авторски договори, договори за дело и закуп и други видови договори;<br>- изготвува нацрти на нормативните акти, годишен план за вработување и други општи акти. |

Член 19

Во табеларниот приказ на работни места, по работното место под реден број 24.а шифра на работно место КУЛ 0102В04005 и звање на работно место помлад соработник за технички секретар-за изработка на програма за работа се додава работно место со реден број 24.б. кое гласи:

| | |
|---|---|
| Реден број и шифра | 24.б. КУЛ 0304Г03013 |
| Звање на работно место | Друг соработник во културата |
| Назив на работно место | Друг соработник во културата - во дирекција на НОБ |
| Ниво | Г3 |
| Број на извршители | 1 |
| Вид на образование | Високо Организациони науки и управување (менаџмент), средно образование, гимназиско образование |
| Други посебни услови | |
| Работни цели | Поддршка на активностите во врска со остварување на дејноста на установата |
| Работни задачи | - Подготвува материјали и податоци во врска со соработката на установата од областа на културата,<br>- Води евиденција во врска со соработката на установата<br>- Непосредно му помага на раководството на установата во врска со остварувањето на соработката,<br>- Учествува во изработката на годишни планови и распореди за работа (во |

| | |
|---|---|
| | координација со уметничките ансамбли)<br>- прибира и ги ажурира податоците за настаните на сцената на установата<br>- прибира и дисперзира податоци во врска со работењето на установата во остварувањето на својата дејност од областа на културата. |
| Одговара пред | Директорот на Националната опера и балет |

Член 20

Во табеларниот приказ на работни места, по работното место под реден број 24.б шифра на работно место КУЛ0304Г03015 и звање на работно место друг соработник во културата, се додава ново работно место, кое гласи:

| | |
|---|---|
| Реден број и шифра | 24.в. КУЛ0401Б03003 |
| Звање на работно место | Друг НКВ работник за одржување на објектите |
| Назив на работно место | Друг НКВ работник за одржување – во кујна |
| Ниво | |
| Број на извршители | 1 |
| Вид на образование | основно образование |
| Други посебни услови | |
| Работни цели | Учество со помошни активности во одржувањето |
| Работни задачи | - врши приготвување и послужување на ладни и топли напивки за потребите на директорот;<br>- ги задолжува потрошниот материјал и опремата за бифе;<br>- се грижи за правилно чување и употреба на потрошниот материјал и опремата за бифе и постапува со внимание на добар домаќин,<br>- ја следи состојбата со залихите и води евиденција за потребите,<br>- се грижи за навремена нарачка и набавка на потрошниот материјал и опремата за бифе. |
| Одговара пред | Директорот на Националната опера и балет |

Член 21

Во табеларниот приказ на работни места, работно место под реден број 35. соработник за сценско-музичка дејност – музички секретар, шифра КУЛ0304Г03001 со број на извршители 1, се брише.

Член 22

Во табеларниот приказ на работни места, работно место под реден број 40. оперски солист првенец, шифра КУЛ0304А01003, во делот број на извршители бројот 11 се менува и гласи „12“.

Член 23

Во табеларниот приказ на работни места, работно место под реден број 43. оперски солист носител на епизодни улоги, шифра КУЛ0304А05001, во делот број на извршители бројот 6 се менува и гласи „5“.

Член 24

Во табеларниот приказ на работни места, работно место под реден број 59, шифра на работно место КУЛ0304А03017, назив на работно место тимпанист, делот работни задачи се менува и гласи:

| | |
|---|---|
| Работни задачи | - Пред секој нов проект водачот треба да ја провери состојбата на нотниот |

| | |
|---|---|
| | материјал на делата што ќе се изведуваат на програма и доколку смета дека има проблем, веднаш да го информира музичкиот архивар<br>- водачот е должен пред секој нов проект во соработка со концертмајсторот да ги подготви штриховите за својата група<br>- ја следи работата и на останатите музичари во својата група<br>- при делени проби ја води работата на својата група и одговара за квалитетот на истата<br>- на барање на диригентот или концертмајсторот, тимпанистот е должен да закаже и делена проба за својата група, при што работи и одговара за квалитетот на својата група, на оркестарски делени проби се придодава кон гудачите или дувачите на барање на диригентот<br>- интерпретира сола и индивидуални делници за тимпани,<br>- го прилагодува својот физички изглед кон потребите на претставата вклучувајќи ја и определената гардероба. |

Член 25

Во табеларниот приказ на работни места, работно место под реден број 93. балетски играч првенец, шифра КУЛ0304А01001, во делот број на извршители бројот 6 се менува и гласи „7“.

Член 26

Во табеларниот приказ на работни места, работно место под реден број 96. балетски играч носител на епизодни улоги, шифра КУЛ0304А05002, во делот број на извршители бројот 12 се менува и гласи „11“.

Член 27

Во табеларниот приказ на работни места, работно место под реден број 101. Друг соработник во културата – соработник за маркетинг и односи со јавност организатор на културен туризам, шифра КУЛ0304Г03013, со број на извршители 1, се брише.

Член 28

Во табеларниот приказ на работни места, по работното место под реден број 103 шифра на работно место КУЛ0401Б01002 и звање на работно место билетопродавач, се додава работно место со реден број 103.1. кое гласи:

| | |
|---|---|
| Реден број и шифра | 103.1 КУЛ 0401Б02005 |
| Звање на работно место | Друг работник за одржување на објектите |
| Назив на работно место | одговорен редар во салон |
| Ниво | Б02 |
| Број на извршители | 1 |
| Вид на образование | Средно образование |
| Други посебни услови | |
| Работни цели | Учество во активностите за одржување на објектот - во салон и гледалиште |
| Работни задачи | - одговорен е салонот, фоајето и останатите простории во кои се движи публиката да бидат чисти и уредни;<br>- врши контрола на влезните билети и ги пушта посетителите во фоајето;<br>- не дозволува пуштање во салонот на публика на помала возраст од таа за која е наменета претставата;<br>- пред да почне претставата и во време на паузите на претставата постојано е |

| | |
|---|---|
| | во контакт со инспициентот на претставата за навремено почнување на претставата;<br>- одговорен е за редот и дисциплината во салонот пред и додека трае претставата и се грижи во и надвор од салонот да биде тишина како би можела претставата нормално да се одвива;<br>- по завршување на претставата проверува дали некој од публиката изгубил или заборавил некој предмет и доколку најде некој предмет лично тој го прибира за да биде доставен на оној што го изгубил. |
| Одговара пред | Раководител на одделение |

Член 29

Во табеларниот приказ на работни места, работното место под реден број 113, стручен сценски работник инженер, шифра КУЛ 0304В02001, се менува називот на работно место и гласи „стручен сценски работник инженер – електроинженер“.

Член 30

Во табеларниот приказ на работни места, работно место под реден број 116. декоратер, шифра КУЛ0401А03006, во делот број на извршители бројот 12 се менува и гласи „11“.

Член 31

Во табеларниот приказ на работни места, реден број 117, реквизитер, шифра КУЛ0405Б01008, делот вид на образование се менува и гласи: средно гимназиско или средно стручно образование.

Член 32

Во табеларниот приказ на работни места, по работното место под реден број 129, соработник за визуелни уметности, дизајн и архитектура-бутафорист, шифра КУЛ0304Г03005, се додава ново работно место, кое гласи:

| | |
|---|---|
| Реден број и шифра | 129.1 КУЛ 04 05 А01 009 |
| Звање на работно место | Друг работник за сценско визуелни ефекти |
| Назив на работно место | Друг работник за сценско визуелни ефекти – во сликарско ателје |
| Ниво | А01 |
| Број на извршители | 1 |
| Вид на образование | Средно стручно образование или гимназиско образование |
| Други посебни услови | / |
| Работни цели | Учество во организирање на работниот процес во сликарско ателје |
| Работни задачи | - врши прием и издавање на материјали (сликарски и други материјали) за изработка на сценска опрема;<br>- води евиденција за движењето на материјалите за изработка на сценска опрема;<br>- врши контрола на материјалите за изработка на сценска опрема при нивниот прием (по вид и количина),<br>- врши попис на материјалите за изработка на сценска опрема,<br>- учествува во изработка на спецификации за набавка на материјали,<br>- ги координира работите помеѓу извршителите во сликарско ателје и сценографот на конкретната претстава како и со други одговорни лица за изработка на сценска опрема. |

| | |
|---|---|
| Одговара пред | Раководител на сценска техника |

Член 33

Во табеларниот приказ на работни места, реден број 131, одговорен дрводелец, шифра КУЛ0401А02004, делот вид на образование се менува и гласи: средно гимназиско или средно стручно образование.

Член 34

Во табеларниот приказ на работни места, реден број 133.а, одговорен тапетар, шифра КУЛ0401А02005, делот вид на образование се менува и гласи: средно гимназиско или средно стручно образование.

Член 35

Во табеларниот приказ на работни места, работно место под реден број 135. шивач, шифра КУЛ0405Б01003, во делот број на извршители бројот 5 се менува и гласи „6“.

Член 36

Во табеларниот приказ на работни места, работното место со реден број 136. друг општ работник (шивач), шифра КУЛ0405В01008, со број на извршители 1, се брише.

Член 37

Во табеларниот приказ на работни места, по работното место под реден број 144. со шифра на работно место КУЛ0405В01002 и звање на работно место перач се додава ново работно место 144.1, кое гласи:

| | |
|---|---|
| Реден број и шифра | 144.1 КУЛ0401Б03003 |
| Звање на работно место | Друг НКВ работник за одржување на објектите |
| Назив на работно место | Друг НКВ работник за одржување – во перална |
| Ниво | |
| Број на извршители | 1 |
| Вид на образование | основно образование |
| Други посебни услови | |
| Работни цели | Извршување помошни работи во перална |
| Работни задачи | - помага во peглање костими и други делови од гардероба<br>- пере облека и друг текстилен материјал<br>- Пере и пегла различни видови платна, завеси, постелнина, покривки, крпи и слични предмети што се во употреба на сцена<br>- помага во одржување на предметите за кои е предвидено перење<br>- Помага на перачот во извршување на обврските во единицата. |
| Одговара пред | Помошник раководител за костимирање |

Член 38

Во табеларниот приказ на работни места, работното место со реден број 145. со шифра на работно место КУЛ0405В01001 и звање на работно место гардеробер, делот вид на образование се менува и гласи средно гимназиско или средно стручно образование.

Член 39

Во табеларниот приказ на работни места, работно место под реден број 152. со шифра на работно место КУЛ0401Б03001 и звање на работно место хигиеничар, делот број на извршители бројот 15 се менува и гласи „13“.

Член 40

Согласно извршените промени во интегралниот текст на законот се прави промена и во табеларниот преглед на работни места.

Член 41

Овој правилник влегува во сила од денот на донесувањето, а ќе се применува по добиената согласност од Управниот одбор и Министерството за информатичко општество и администрација.

Директор
м-р Васо Ристов